# Јехова ги спасува Израелците

2. МОЈСЕЕВА 13:17—15:21

Изберете проекти во кои детето ќе ужива и од кои ќе учи. Правете ги заедно како семејство.




## ПРОЧИТАЈ 2. МОЈСЕЕВА 13:17—15:21

Потоа, прочитајте го библискиот стрип (или онлајн или од отпечатениот PDF документ) и дискутирајте за прашањата на крајот од приказната.

**ПРЕДЛОГ:** Прочитај го списокот со девет значајни настани од животот на Мојсеј во статијата „Кој бил Мојсеј?“ од *Стражарска кула* од 1 февруари 2013 год., на страница 3. (Достапна е и на www.jw.org/mk. Кликни на ИЗДАНИЈА > СПИСАНИЈА.) Замоли го секој од семејството да каже што му оставило најголем впечаток во врска со Мојсеј.

## ОТПЕЧАТЕТЕ И ДРУГИ ПРОЕКТИ



### УЧИМЕ НИЗ СЛИКИ

**ШТО НЕДОСТИГА?** Прочитај ги двата наведени стиха. Потоа, помалите деца нека ги напишат имињата на библиските ликови кои се прикажани. На крај, нека ги нацртаат предметите што недостигаат и нека ги обојат сликите.



### НАУЧИ ПОВЕЌЕ

**БИБЛИСКА ГЕОГРАФИЈА** За поголеми деца: Замоли ги да ги запишат имињата на местата низ кои минувале Израелците откако го напуштиле Египет. Од помош ќе им биде ако ги прочитаат наведените стихови од Библијата.



### СОЧУВАЈ И УЧИ

**КАРТИЧКА СО БИБЛИСКИ ЛИК** Прочитај ги податоците за ликот. Постави ги прашањата што се на картичката. Со библиските картички што се достапни на www.jw.org/mk, помогни му на детето да ги одбере ликовите кои живееле во исто време како египетскиот фараон, односно во периодот околу 1513 пр.н.е.

www.jw.org/mk © 2014 Watch Tower Bible and Tract Society of Pennsylvania